С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К

на

Општина Ранковце

Службен гласник на Општина Ранковце Издавач: Општина Ранковце излегува по потреба	Година XXVII број 3 16 март 2026 година Ранковце	Гласникот е бесплатен

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
РАНКОВЦЕ

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлуката за продажба на недвижни ствари во сопственост на Општина Ранковце по пат на електронско јавно надавање

1.Се прогласува Одлуката за продажба на недвижни ствари во сопственост на Општина Ранковце по пат на електронско јавно надавање, донесена на 7-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 12.03.2026 година.
2. Одлуката за продажба на недвижни ствари во сопственост на Општина Ранковце по пат на електронско јавно надавање, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.
3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-389/1
16.03.2026 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Даниел Павловски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 алинеја 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.22/24), член 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29 и 67 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 275/19, 122/21 и 193/25) и член 23 став 1 алинеја 30 и член 114 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце на 7-та седница одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

О Д Л У К А
за продажба на недвижни ствари во сопственост на Општина Ранковце по пат на електронско јавно надавање

Член 1

Да се изврши продажба на недвижни ствари – објекти, сопственост на Општина Ранковце, што се наоѓаат во Општина Ранковце на КП. Бр.2825, с.Опила, запишани во Имотен лист за КО Опила број 293 издаден од Агенција за катастар на недвижности број 1105-1028/2026 од 18.02.2026, согласно одредбите од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 275/19, 122/21 и 193/25), со вкупна површина од 251 м2, и тоа:

- Зграда бр.1, влез 1, кат ПР, број 1, со намена на зградата во училишта и научни институции, со вкупна внатрешна површина од 210 м2; и
- Зграда бр. 2 влез 1, кат ПР, број 1, со намена на зградата во училишта и научни институции, со вкупна внатрешна површина од 41 м2.

Член 2

Продажбата на објектите од член 1 на оваа Одлука да се изврши заедно по пат на електронско јавно надавање, преку електронскиот систем за јавно надавање https://e-stvari со кој управува и оперира ЗЕЛС, со проценета вредност утврдена во износ од 276.996,00 денари, што преставува пазарна вредност на недвижен имот утврдена во Извештај за извршена процена на пазарна вредност на недвижен имот - административен простор-училишта и научни институции (Објект бр.1 и Објект бр.2) заведен под број 02-19/4 од 18.02.2026 година, изготвен од Друштво за проценка и консултантски услуги ПРИМА ТИМ ДОО Охрид.

Почетната цена на електронското јавно надавање преставува вкупната проценета вредност и истата изнесува 276.996,00 денари.

Износот на банкарската гаранција за сериозност на понудата изнесува 5.539,92 денари.

Член 3

Огласот за продажба на недвижните ствари од член 1 на оваа одлука треба да ги содржи следниве податоци:

- недвижните ствари кои се предмет на продажба (површина и број на катастарска парцела каде се наоѓа, катастарска општина и број на имотен лист, број на зграда, намена на зграда, број на влез, број на посебен дел од зграда);
- урбанистичко – планска документација за земјиштето на кое се наоѓа недвижната ствар која е предмет на продажба;
- почетната цена за недвижноста која е предмет на продажба;
- рокот за поднесување и начинот на поднесување на пријавите за учество на јавното надавање;
- време на започнување на јавното надавање;
- услови за учество на јавно надавање за домашни физички и правни лица;
- услови за учество на јавно надавање за странски физички и правни лица;
- банкарска гаранција за сериозност на понудата во висина од 2% од проценетата вредност на недвижната ствар;
- обврска на најповолниот понудувач да ги уплати средствата во рок од 15 дена од денот на приемот на писменото известување за избор, во спротивно нема да се пристапи кон склучување на договор, а банкарската гаранција за сериозност на понудата ќе биде активирана а понудувачот во период од една година нема да може да учествува на секое идно јавно надавање за предметните недвижни ствари;
- начинот и постапката за спроведување на надавањето (начин на легитимирање на учесниците на јавно надавање, потребен број на учесници согласно закон, дефинирање на почетокот на јавното надавање, рокот за уплата на најповолната понуда, обврска за трошоци за солемнизација на договорот и право на приговор);
- интернет страницата на која ќе се врши јавното надавање.

Член 4

Постапката со јавно надавање за продажба на недвижните ствари од член 1 на оваа Одлука ќе ја спроведе Комисија за располагање со движните и недвижните ствари во сопственост на Општина Ранковце, формирана од страна на Градоначалникот.

Договорот за купопродажба во име на Општина Ранковце ќе го склучи Градоначалникот на Општина Ранковце.

Член 5

Средствата добиени од продажба на недвижната ствар може да се инвестираат само за стекнување нови или реконструкција на постојни ствари во сопственост на Општина Ранковце.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила осмиот (8) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.09-356/4
12.03.2026 година
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Ненад Петковски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлуката за давање во закуп на недвижни ствари во сопственост на Општина Ранковце по пат на електронско јавно надавање

1.Се прогласува Одлуката за давање во закуп на недвижни ствари во сопственост на Општина Ранковце по пат на електронско јавно надавање, донесена на 7-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 12.03.2026 година.

2. Одлуката за давање во закуп на недвижни ствари во сопственост на Општина Ранковце по пат на електронско јавно надавање, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-389/2
16.03.2026 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Даниел Павловски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 алинеја 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.22/24), член 36, 37, 38, 39 и 67 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19,

275/19, 122/21 и 193/25) и член 23 став 1 алинеја 30 и член 114 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце на 7-та седница одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

О Д Л У К А

за давање во закуп на недвижни ствари во сопственост на Општина Ранковце по пат на електронско јавно надавање

Член 1

Да се дадат во закуп недвижните ствари – објекти, сопственост на Општина Ранковце, што се наоѓаат во Општина Ранковце на КП. Бр.4418, с.Герман, запишани во Имотен лист за КО Герман број 648, издаден од Агенција за катастар на недвижности број 1105-1024/2026 од 18.02.2026, по пат на електронско јавно надавање преку електронскиот систем за јавно надавање https://e-stvari со кој управува и оперира ЗЕЛС, согласно одредбите од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 275/19, 122/21 и 193/25), со вкупна површина од 167 м2, и тоа:

- Зграда бр.1, со намена на зградата Б4-6, влез 1, кат ПР, број 1, со намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП, со вкупна внатрешна површина од 49 м2;
- Зграда бр.1, со намена на зградата Б4-6, влез 2, кат ПР, број 1, со намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП, со вкупна внатрешна површина од 63 м2;
- Зграда бр.1, со намена на зградата Б4-6, влез 3, кат ПО, број 1, со намена на посебен/заеднички дел од зграда П, со вкупна внатрешна површина од 37 м2;
- Зграда бр.1, со намена на зградата Б4-6, влез 4, кат ПО, број 1, со намена на посебен/заеднички дел од зграда П, со вкупна внатрешна површина од 18 м2.

Член 2

Проценетата вредност на недвижните ствари од член 1 на оваа одлука е утврдена во износ од 364.757,00 денари согласно Извештајот за извршена процена на пазарна вредност на недвижен имот - (Б4-6)- Други деловни простории, заведен под деловоден број 02-19/3 од 18.02.2026 година, изготвен од Друштво за проценка и консултантски услуги ПРИМА ТИМ ДОО Охрид.

Висината на почетната месечна закупнина изнесува 1.823,78 денари.

Износот на банкарската гаранција за сериозност на понудата изнесува 7.295,14 денари.

Член 3

Огласот за издавање во закуп на недвижните ствари од член 1 на оваа одлука треба да ги содржи следниве податоци:

- недвижните ствари кои се предмет на закуп (површина и број на катастарска парцела каде се наоѓа, катастарска општина и број на имотен лист, број на зграда, намена на зграда, број на влез, број на посебен дел од зграда);
- урбанистичко – планска документација за земјиштето на кое се наоѓа недвижната ствар која е предмет на закуп;
- почетната цена за недвижноста која е предмет на закуп;

- рокот за поднесување и начинот на поднесување на пријавите за учество на јавното надавање;
- време на започнување на јавното надавање;
- услови за учество на јавно надавање за домашни физички и правни лица;
- услови за учество на јавно надавање за странски физички и правни лица;
- банкарска гаранција за сериозност на понудата во висина од 2% од проценетата вредност на недвижната ствар;
- обврска на најповолниот понудувач да ги уплати средствата во рок од 15 дена од денот на приемот на писменото известување за избор, во спротивно нема да се пристапи кон склучување на договор, а банкарската гаранција за сериозност на понудата ќе биде активирана а понудувачот во период од една година нема да може да учествува на секое идно јавно надавање за предметните недвижни ствари;
- начинот и постапката за спроведување на надавањето (начин на легитимирање на учесниците на јавно надавање, потребен број на учесници согласно закон, дефинирање на почетокот на јавното надавање, рокот за уплата на најповолната понуда, обврска за трошоци за солемнизација на договорот и право на приговор);
- интернет страницата на која ќе се врши јавното надавање.

Член 4

Недвижните ствари од член 1 на оваа Одлука се даваат во закуп за период од 10 години.

Закупецот недвижните ствари од член 1 на оваа одлука не може да ги дава во подзакуп.

Член 5

Постапката со јавно надавање за давање под закуп на недвижните ствари од член 1 на оваа Одлука ќе ја спроведе Комисија за располагање со движните и недвижните ствари во сопственост на Општина Ранковце, формирана од страна на Градоначалникот.

Договорот за давање во закуп на недвижните ствари во име на Општина Ранковце ќе го склучи Градоначалникот на Општина Ранковце.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила осмиот (8) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.09-356/5
12.03.2026 година
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Ненад Петковски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Одлуката за кофинансирање на проектот „Реконструкција на локален пат во с.Гиновци од А2 до м.в Мандиница’’

1.Се прогласува Одлуката за кофинансирање на проектот „Реконструкција на локален пат во с.Гиновци од А2 до м.в. Мандиница, донесена на 7-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 12.03.2026 година.

2. Одлуката за кофинансирање на проектот „Реконструкција на локален пат во с.Гиновци од А2 до м.в. Мандиница, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-389/3
16.03.2026 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Даниел Павловски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце” бр. 09/05, 04/10, 3/11, 11/15, 04/19, 5/22), Советот на Општина Ранковце на 7-та седницата одржана на ден 12.03.2026 година ја донесе следнава одлука:

ОДЛУКА

За кофинансирање на проектот
„Реконструкција на локален пат с.Гиновци од А2 до м.в. Мандиница”

Член 1

За реализација на проектот „Реконструкција на локален пат с.Гиновци од А2 до м.в. Мандиница” од Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамки на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 29/26) на Министерство за локална самоуправа, Општина Ранковце од сопствениот буџет ќе учествува со кофинансирање од 20 % од вкупната одобрена вредност на проектот со ДДВ .

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце’’.

Бр. 09–356/6
Ранковце
12.03.2026 година

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Ненад Петковски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Одлуката за кофинансирање на проектот „Реконструкција на локален пат с.Псача-с.Одрено со пристапни патишта кон Брбовска маала, Ранкиева маала, Радева маала и Циганска маала'' „Реконструкција на пристапен пат кон Брбовска маала''

1.Се прогласува Одлуката за кофинансирање на проектот „Реконструкција на локален пат с.Псача-с.Одрено со пристапни патишта кон Брбовска маала, Ранкиева маала, Радева маала и Циганска маала'' „Реконструкција на пристапен пат кон Брбовска маала'', донесена на 7-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 12.03.2026 година.

2. Одлуката за кофинансирање на проектот „Реконструкција на локален пат с.Псача-с.Одрено со пристапни патишта кон Брбовска маала, Ранкиева маала, Радева маала и Циганска маала'' „Реконструкција на пристапен пат кон Брбовска маала'', да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-389/4
16.03.2026 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Даниел Павловски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце” бр. 09/05, 04/10, 3/11, 11/15, 04/19, 5/22), Советот на Општина Ранковце на 7-та седницата одржана на ден 12.03.2026 година ја донесе следнава одлука:

ОДЛУКА

За кофинансирање на проектот
„Реконструкција на локален пат с.Псача - с.Одрено со пристапни патишта кон Брбовска маала, Ранкиева маала, Радева маала и Циганска маала”
„Реконструкција на пристапен пат кон Брбовска маала”

Член 1

За реализација на проектот „Реконструкција на локален пат с.Псача - с.Одрено со пристапни патишта кон Брбовска маала, Ранкиева маала, Радева маала и Циганска маала” - „Реконструкција на пристапен пат кон Брбовска маала” од Програмата за Рамномерен регионален развој за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 29/26) на Министерство за локална самоуправа - Биро за регионален

развој, Општина Ранковце од сопствениот буџет ќе учествува со кофинансирање од 20 % од вкупната одобрена вредност на проектот со ДДВ .

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце’’.

Бр. 09–356/7
Ранковце
12.03.2026 година

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Ненад Петковски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Псача за к.п.бр.4629/1, КО Псача

1.Се прогласува Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Псача за к.п.бр.4629/1, КО Псача, донесена на 7-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 12.03.2026 година.
2. Одлуката за утврдување на потребата за донесување на урбанистичко-планска документација за село Псача за к.п.бр.4629/1, КО Псача, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.
3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-389/5
16.03.2026 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Даниел Павловски, с.р.

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („ Службен весник на РМ“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17), член 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РСМ“ бр. 174/2021), член 2, став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („ Службен весник на РМ“ бр.56/2011 и 162/2012) и член 23 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 04/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општината Ранковце на седницата одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

О Д Л У К А

За утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Псача за к.п.бр.4629/1, КО Псача

Член 1

Се утврдува потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Псача.

Член 2

Локалитетот за кој се врши утврдување потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Псача се наоѓа на за к.п.бр. 4629/1, КО Псача, м.в. „Ѓоринска маала“ сопственост на Зоки Станковски, Тихомир Станковски, Драге Станковски и Даница Станковска.

Член 3

За овој локалитет нема урбанистички планови, ниту локална урбанистичка планска документација.

Член 4

Со изработка на урбанистичката- планска документација на овој локалитет ќе се предвиди намена домување во станбени куќи – А1-1.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр. 09-354/8
12.03.2026 година
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател,
Ненад Петковски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Заклучокот за усвојување на Годишна завршна сметка на Буџетот на Општина Ранковце, за 2025 година

1.Се прогласува Закучокот за усвојување на Годишна завршна сметка на Буџетот на Општина Ранковце, за 2025 година, донесен на 7-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 12.03.2026 година.

2.Закучокот за усвојување на Годишна завршна сметка на Буџетот на Општина Ранковце, за 2025 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-389/6
16.03.2026 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Даниел Павловски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.22/24) и член 23 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на 7-та седница, одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К
За усвојување на Годишната завршна сметка на Буџетот на Општина Ранковце, за 2025 година

1. СЕ УСВОЈУВА Годишната завршна сметка на Буџетот на Општина Ранковце,

за 2025 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце “.

Бр.09-356/9
12.03.2026 година
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Ненад Петковски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Заклучокот за усвојување на Годишна завршна сметка на Општинското основно училиште „Христијан Тодоровски Карпош’’-Ранковце, за 2025 година

1.Се прогласува Закучокот за усвојување на Годишна завршна сметка на Општинското основно училиште „Христијан Тодоровски Карпош’’-Ранковце, за 2025 година донесен на 7-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 12.03.2026 година.
2. Закучокот за усвојување на Годишна завршна сметка на Општинското основно училиште „Христијан Тодоровски Карпош’’-Ранковце, за 2025 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-389/7
16.03.2026 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Даниел Павловски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.22/24) и член 23 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр.09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на 07-та седница, одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К
За усвојување на Годишната завршна сметка на Општинското основно училиште „ Христијан Тодоровски Карпош“- Ранковце, за 2025 година

1. СЕ УСВОЈУВА Годишната завршна сметка на Општинското основно училиште „ Христијан Тодоровски Карпош“- Ранковце, за 2025 година.

2 .Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.09-356/10
12.03.2026 година
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Ненад Петковски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Ранковце за 2025 година

1.Се прогласува Закучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во

Општина Ранковце за 2025 година, донесен на 7-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 12.03.2026 година.

2. Закучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Ранковце за 2025 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-389/8
16.03.2026 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Даниел Павловски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.22/24) и член 23 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на 7-та седницата одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К

За усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Ранковце за 2025 година

1. Со овој Заклучок се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Ранковце за 2025 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.09- 356/11
12.03.2026 година
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Ненад Петковски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Правилник за изменување на Правилникот за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош

1.Се прогласува Правилникот за изменување на Правилникот за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош, донесен на 7-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 12.03.2026 година.

2. Правилникот за изменување на Правилникот за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-389/9
16.03.2026 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Даниел Павловски, с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 11 од Законот за социјална заштита („Службен весник на РМ“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22, 65/23 и 192/25), член 23 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 04/10, 3/11, 11/15, 04/19, 5/22), Советот на Општина Ранковце на 7-та седница одржана на 12.03.2026 година, го донесе следниот

ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИТЕ, УСЛОВИТЕ И ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ

Член 1

Во Правилникот за утврдување на критериумите, условите, и постапката за доделување на еднократна парична помош („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 13/2025), во член 12 став 1 износот 80.000,00 денари се заменува со износот 30.000,00 денари.

Член 2

Овој Правилник стапува во сила со денот на донесувањето и истиот ќе биде објавен во „Службен гласник на Општина Ранковце’’.

Бр. 09 –356/12
12.03.2026 година
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Ненад Петковски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Заклучокот за усвојување на Статистички извештај за работа на О.О.У.„Христијан Тодоровски Карпош’’-Ранковце на крајот од првото полугодие во учебната 2025/2025 година

1.Се прогласува Заклучокот за усвојување на Статистички извештај за работа на О.О.У.„Христијан Тодоровски Карпош’’-Ранковце на крајот од првото полугодие во учебната 2025/2026 година, донесен на 7-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 12.03.2026 година.

2. Заклучокот за усвојување на Статистички извештај за работа на О.О.У.„Христијан Тодоровски Карпош’’-Ранковце на крајот од првото полугодие во учебната 2025/2026 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-389/10
16.03.2026 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Даниел Павловски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.22/24) и член 23 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на 7-та седницата одржана на ден 12.03.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К

За усвојување на Статистички извештај за работа на О.О.У. „Христијан Тодоровски-Карпош“ – Ранковце на крајот од првото полугодие во учебната 2025/2026 година

1. Со овој Заклучок се усвојува Статистичкиот извештај за работа на О.О.У. „Христијан Тодоровски Карпош“-Ранковце на крајот од првото полугодие во учебната 2025/2026 година.
2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.09-356/13
12.03.2026 година
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Ненад Петковски,с.р.

С О Д Р Ж И Н А

1. **З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за продажба на недвижни ствари во сопственост на Општина Ранковце по пат на електронско јавно надавање**
2. **О Д Л У К А за продажба на недвижни ствари во сопственост на ОпштинаРанковце по пат на електронско јавно надавање**
3. **З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за давање во закуп на недвижни ствари во сопственост на Општина Ранковце по пат на електронско јавно надавање**
4. **О Д Л У К А за давање во закуп на недвижни ствари во сопственост на Општина Ранковце по пат на електронско јавно надавање**
5. **З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за кофинансирање на проектот „Реконструкција на локален пат во с.Гиновци од А2 до м.в. Мандарица’’**
6. **ОДЛУКА За кофинансирање на проектот „Реконструкција на локален пат с.Гиновци од А2 до м.в. Мандиница”**
7. **З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за кофинансирање на проектот „Реконструкција на локален пат с.Псача-с.Одрено со пристапни патишта кон Брбовска маала, Ранкиева маала, Радева маала и Циганска маала’’-Реконструкција на пристапен пат кон Брбовска маала**
8. **ОДЛУКАЗа кофинансирање на проектот „Реконструкција на локален пат с.Псача - с.Одрено со пристапни патиштакон Брбовска маала, Ранкиева маала, Радева маала и Циганска маала” „Реконструкција на пристапен пат кон Брбовска маала”**
9. **З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Псача за к.п.бр.4629/1, КО Псача**
10. **О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Псача за к.п.бр.4629/1, КО Псача**
11. **З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Годишна завршна сметка на Буџетот на Општина Ранковце, за 2025 година**
12. **З А К Л У Ч О К за усвојување на Годишната завршна сметка на Буџетот на Општина Ранковце, за 2025 година**
13. **З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Годишна завршна сметка на Општинското основно училиште „Христијан Тодоровски Карпош’’-Ранковце, за 2025 година**
14. **ЗАКЛУЧОК За усвојување на Годишната завршна сметка на Општинското основно училиште „ Христијан Тодоровски Карпош“- Ранковце, за 2025 година**
15. **З А К Л У Ч О К За прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Ранковце за 2025 година**
16. **З А К Л У Ч О К за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Ранковце за 2025 година**

17. **З А К Л У Ч О К за прогласување на Правилник за изменување на Правилникот за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош**
18. **Правилник за изменување на Правилникот за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош**
19. **З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Статистички извештај за работа на О.О.У.„Христијан Тодоровски Карпош’’-Ранковце на крајот од првото полугодие во учебната 2025/2025 година**
20. **З А К Л У Ч О К За усвојување на Статистички извештај за работа на О.О.У. „Христијан Тодоровски-Карпош“ – Ранковце на крајот од првото полугодие во учебната 2025/2026 година**